**ПРЕДЛОГ НА З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ**
**НА ЗАКОНОТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА**

Член 1

**Стар Член 1:**

(1) Со овој закон се уредуваат принципите на медијацијата, како алтернативен начин на решавање на спорови, условите за медијатор, постапката на медијација и организирањето на медијаторите.

(2) Овој закон се применува во граѓански, трговски, работни, потрошувачки и други спорни односи меѓу физички и правни лица во согласност со закон, без оглед дали медијацијата се води врз основа на договор постигнат меѓу страните пред или по започнувањето на спорот, врз основа на законска обврска или по упатство или препорака на суд, арбитражен совет или друг орган, освен кога со закон не е пропишано поинаку.

(3) Овој закон не се однесува на колективните работни спорови, кривични работи, управни работи, како ниту на случаи во кои судијата или арбитерот, во текот на судската или арбитражната постапка, настојува да го олесни мирењето, со исключок на медијацијата што се спроведува во суд.

(4) Во споровите од став (2) на овој член ќе се применуваат правилата и принципите дефинирани со овој закон, освен ако страните не се договорат поинаку.

**Измени:**

Во Законот за медијација („Службен весник на РМ„ бр.60/06 и 22/07), во членот 1 став 1 по зборот „медијацијата„ зборовите „како алтернативен начин на решавање на спорови„ се бришат.

Ставот 2 се менува и гласи:

„(2) Овој закон се применува во граѓански, трговски, работни, потрошувачки, семејни како и во управни и кривични спорови во кои страните можат слободно да располагаат со своите имотни побарувања и во други спорни односи меѓу физички и правни лица, освен кога со закон не е предвидена исклучива надлежност на суд или друг орган.„

Ставот 3 се брише.

Во ставот 4, кој станува став 3 зборовите „принципите дефинирани„ се заменуваат со зборовите „начелата утврдени„.

**Пречистен текст на член 1:**

„(1)Со овој закон се уредуваат принципите на медијацијата, условите за медијатор, постапката на медијација и организирањето на медијаторите.„

(2) Овој закон се применува во граѓански, трговски, работни, потрошувачки, семејни како и во управни и кривични спорови во кои страните можат слободно да располагаат со своите имотни побарувања и во други спорни односи меѓу физички и правни лица, освен кога со закон не е предвидена исклучива надлежност на суд или друг орган.

(3) Во споровите од став (2) на овој член ќе се применуваат правилата и начелата дефинирани со овој закон, освен ако страните не се договорат поинаку.„

Член 2

**Нов член 1-а:**

По членот 1 се додава нов член 1-а, кој гласи:

„ОСНОВНИ ПОИМИ
1-а

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следното значење:

1) **„Медијатор„** е физичко или правно лице кое ја спроведува постапката за медијација

2) „**Постапка за медијација„** значи посебна вид на неформална постапка која по својот карактер е ефикасна, брза и ефтина.

3) **„Страни„** се физички или правни лица кои доброволно се согласиле спорот од правниот однос да го решат по пат на медијација.

4) **„Комора на медијатори„** е здружение на медијаторите кое го олеснува и унапредува работењето на медијаторите.„

Член 3

**Стар член 2**

Медијација е вонсудска постапка за решавање на спорови врз слободно изразена волја на страните со помош на трето неутрално лице – медијатор, кое нема право да наметне решение на спорот.

**Нов член 2:**

Членот 2 се менува и гласи:

„Медијација е начин на решавање на спорови во која страните сакаат спорниот однос да го решат на мирен начин со помош на еден или повеќе медијатори, кои на страните им помагаат да постигнат заедничко прифатливо решение.„

Член 4

**Измени:**

Насловот II Принципи на медијација се менува и гласи:

„ II Начела на медијацијата„

Член 5

**Стар член 4:**

Во постапката за медијација, медијаторот постапува неутрално и непристрасно во однос на страните или предметот на спорот.

**Измени:**

Во членот 4 се бришат зборовите „или предметот„„ точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите „согласно начелото на совесност и чесност.„

**Пречистен текст на член 4:**

„Во постапката за медијација, медијаторот постапува неутрално и непристрасно во однос на страните или спорот, согласно начелото на совесност и чесност.„

Член 6

**Стар член 5:**

(1) Сите информации што произлегуваат или се поврзани со постапката за медијација ќе останат доверливи освен ако страните не се договорат поинаку.

(2) Одделни информации од ставот (1) на овој член нема да имаат карактер на доверливост доколку тоа се предвидува со определен закон, или доколку тоа е нужно за спроведување на спогодбата која произлегува од постапката на медијација или кога тоа го бара јавниот интерес.

**Нов член 5:**

Членот 5 се менува и гласи:

„(1) Сите податоци и информации што ќе се изнесат или дознаат во текот на постапката за медијација се доверливи, освен ако страните поинаку не се договорат.

(2) Одделни податоци и информации од ставот 1 на овој член нема да имаат карактер на доверливост доколку тоа е нужно за спроведување на спогодбата која произлегува од постапката на медијација, доколку тоа се предвидува со закон или кога тоа го бара јавниот интерес.„

Член 7

**Нов член 5-а:**

По членот 5 се додава нов член:

„Приватност на постапката

5-а

(1) Во медијацијата јавноста е исклучена.

(2) Во медијацијата учествуваат страните, нивните законски застапници и полномошници.

(3) Трети лица можат да присуствуваат само со дозвола на страните.„

Член 8

**Стар член 6:**

Страните имаат еднакви можности за учество во постапката за медијација, за што ќе бидат информирани на јасен и разбирлив начин од страна на медијаторот.

Во водењето на постапката, медијаторот постапува еднакво со страните, имајќи ги предвид околностите на случајот.

**Нов член 6:**

Членот 6 се менува и гласи:

„(1) Во медијацијата страните имаат еднакви права.

(2) Во медијацијата страните се рамноправни и за своите можности ќе бидат информирани на јасен и разбирлив начин од медијаторот и/или судот.

(3) Страните треба да бидат поттикнувани од медијаторот целосно да соработуваат во постапката и да обезбедуваат информации за фер решавање на спорот.„

Член 9

**Стар член 7**

Транспарентност

(1) Правилата за водење на постапката за медијација се транспарентни.

(2) Јавноста и страните имаат пристап до информации кои се однесуваат на постапката за медијација, а особено во врска со:

- начинот на водење на постапката,
- видовите на спорови за кои може да се води постапка на медијација,
- јазикот на кој се води постапката,
- трошоците што треба да бидат покриени од страните,
- времетраењето на постапката,
- сите значајни правила кои може да бидат применети,
- правото да поведат судска или друга постапка за решавање на спорот.

(3) Надлежните органи и Комората на медијатори ќе им овозможат на јавноста и на страните во спорот слободен пристап до информациите од став (2) на овој член.

**Измени:**

Насловот на членот 7 „Транспарентност„ се менува и гласи: „Достапност на информации за медијација„

Ставот (1) се брише.

Ставот (2) станува став (1).

Ставот (3) се брише.

**Пречистен текст на член 7:**

Достапност на информации за медијација

Член 7

Јавноста и страните имаат пристап до информации кои се однесуваат на постапката за медијација, а особено во врска со:

- начинот на водење на постапката,
- видовите на спорови за кои може да се води постапка на медијација,
- јазикот на кој се води постапката,
- трошоците што треба да бидат покриени од страните,
- времетраењето на постапката,
- сите значајни правила кои може да бидат применети,
- правото да поведат судска или друга постапка за решавање на спорот.

Член 10

**Нов член 8-а:**

По членот 8 се додава нов член 8-а, кој гласи:

„Траење на постапката

8-а

(1)Постапката на медијација е итна.

(2) Постапката на медијација може да трае 45 дена.

Член 11

**Стар член 9:**

(1) Во постапката за медијација се гарантира правично постапување.

(2) Страните треба да бидат поттикнувани целосно да соработуваат во постапката и да обезбедуваат информации за правично решавање на спорот.

**Измени:**

Членот 9 се брише.

Член 12

**Стар член 10:**

(1) Медијатор е физичко лице кое им помага на страните да постигнат спогодба, без право да наметне решение на спорот, во согласност со принципите на медијацијата.

(2) Медијатори можат да бидат: адвокати, дипломирани правници или лица од друга професија, во зависност од видот на спорот, кои завршиле обука за медијатори и ги исполнуваат условите од членот 11 на овој закон.

**Измени и дополнувања:**

Во членот 10 став (1) по зборот „е„ се додаваат зборовите „деловно способно„ и зборот „принципите„ се заменува со зборот „начелата„.

Ставот (2) се менува и гласи:

„(2) Медијатори можат да бидат лица кои завршиле обука за медијатори и ги исполнуваат условите од членот 11 на овој закон.„

Се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Медијатор во потрошувачки спорови може да биде здружение на потрошувачи како правно лице.„

Се додава нов став (4) кој гласи:

„(4) Бројот на медијатори е неограничен.„

**Пречистен текст на член 10:**

(1) Медијатор е деловно способно физичко лице кое им помага на страните да постигнат спогодба, без право да наметне решение на спорот, во согласност со начелата на медијацијата.

(2) ) Медијатори можат да бидат лица кои завршиле обука за медијатори и ги исполнуваат условите од членот 11 на овој закон.

(3) Медијатор во потрошувачки спорови може да биде здружение на потрошувачи како правно лице.

(4) Бројот на медијатори е неограничен.

Член 13

**Стар член 11:**

(1) Медијаторот мора да ги исполнува следните услови:

1. да има диплома за завршено високо образование;
2. да има најмалку пет години работно искуство;
3. да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност;
4. да има сертификат издаден од Комората на медијатори за завршена обука според Програмата за обука на медијатори. Програмата за обука на медијатори и Образецот за завршена обука за медијатор ќе ја донесе министерот за правда;
5. да биде запишан во Именикот на медијатори.

(2) Во спорови со странски елемент, медијатор може да биде и странски државјанин, доколку е овластен да врши медијација во матичната држава, по принципот на реципроцитет и во согласност со страните во спорот.

(3) Обуката за медијатори ја спроведува Комората на медијатори.

(4) Трошоците за обука на медијатори ги сноси кандидатот кој ја посетува обуката за медијатори.

**Нов член 11:**

Членот 11 се менува и гласи:

(1) Медијаторот мора да ги исполнува следниве услови:

1) да има диплома за завршено високо образование што соодветствува на најмалку 240 кредити;

2) да има најмалку пет години работно искуство од условот предвиден во ставот (1) точка 1 на овој член;

3) да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност;

4) да има сертификат издаден од Министерството за правдаза завршена обука според Програмата за обука на медијатори и

5) да биде запишан во Листата на медијатори.

(2) Обуката за медијатори ја спроведува Министерството за правда или друга институција овластена од Министерството за правда, најмалку 3 пати во текот на една календарска година.

Член 14

**Нов член 11-а**

По членот 11 се додава нов член 11-а , кој гласи:

„Престанок на својство медијатор

11-а

(1) Својството на медијатор престанува:

1) со смрт;

2) по сопствено барање на медијаторот за бришење од Листата на медијатори;

3) ако со судска одлука му биде одземена или ограничена деловната способност на медијаторот и

4) ако нема извршена ниту една успешна медијација во рок од две години од уписот во Листата на медијатори.„

Член 15

**Нов член 11-б**

По членот 11-а се додава нов член 11-б, кој гласи:

„Должности на медијаторот

11-б

(1) Медијаторот е должен да ја води и заврши постапката на медијацијата согласно начелата на овој закон.

(2) Медијаторот е должен да постапува со внимание на добар стручњак.

(3) Медијаторот не може да дава ветувања ниту да гарантира одредени резултати од постапката за медијација.

(4) Медијаторот е должен податоците и информациите трајно да ги чува како тајни и доверливи.

(5) Медијаторот не може сам на непристоен начин со ветување спротивно на начелата на овој закон или преку посредник да бара странки.„

Член 16

**Нов член 11-в**

По членот 11-б се додава нов член 11-в, кој гласи:

„Одговорност на медијаторот

11-в

Медијаторот одговара за штетата која ќе им ја нанесе на страните со своето незаконито постапување според општите правила за одговорност за штета согласно одредбите на Законот за облигациони односи.„

Член 17

**Стар член 12:**

(1) Медијаторот не може да постапува во предмети во кои има или имал личен интерес, личен, семеен или деловен однос со страна во спорот, или ако постојат други околности кои ќе предизвикаат сомнеж во неговата непристрасност.

(2) Медијаторот нема да постапува во предмети по кои претходно постапувал како судија, бил полномошник, законски застапник, арбитер или советник на една од страните.

(3) Лицето кое ќе биде предложено за медијатор е должно да ги изнесе пред страните сите околности што можат да бидат причина за основано сомневање во неговата непристраност и независност во поглед на спорот.

(4) Од моментот на именување на медијаторот, и во текот на целата постапка, тој без одлагање на страните ќе им ги открива околностите од ставот (2) на овој член, освен ако за тоа претходно веќе не ги информирал страните.

(5) Ако ниту една од страните, откако дознала за околностите од ставот (2) на овој член, не побара определување на друг медијатор, нема право по тој основ да ја побива спогодбата постигната во постапката за медијација.

**Измени:**

Во членот 12 став 4 зборот „именување„ се заменува со зборовите „известувањето за избор„.

**Пречистен текст на член 12:**

(1) Медијаторот не може да постапува во предмети во кои има или имал личен интерес, личен, семеен или деловен однос со страна во спорот, или ако постојат други околности кои ќе предизвикаат сомнеж во неговата непристрасност.

(2) Медијаторот нема да постапува во предмети по кои претходно постапувал како судија, бил полномошник, законски застапник, арбитер или советник на една од страните.

(3) Лицето кое ќе биде предложено за медијатор е должно да ги изнесе пред страните сите околности што можат да бидат причина за основано сомневање во неговата непристраност и независност во поглед на спорот.

(4) Од моментот на известувањето за избор на медијаторот, и во текот на целата постапка, тој без одлагање на страните ќе им ги открива околностите од ставот (2) на овој член, освен ако за тоа претходно веќе не ги информирал страните.

(5) Ако ниту една од страните, откако дознала за околностите од ставот (2) на овој член, не побара определување на друг медијатор, нема право по тој основ да ја побива спогодбата постигната во постапката за медијација.

Член 18

**Стар член 13:**

(1) Медијацијата започнува на денот кога страните во спорот во писмена форма се согласиле дека ќе учествуваат во медијација.

(2) Ако страната што поканила друга страна на медијација не добие одговор за прифаќањето на поканата за медијација во рок од 30 дена од денот на испраќањето на поканата или во друг пократок рок кој е утврден со поканата, се смета дека предлогот за поведување на постапка за медијација не е прифатен.

**Измени:**

По членот 13 став (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Согласноста на волјата на страните за медијација дадена на записник пред суд се изедначува со писмената форма од ставот (1) на овој член.„

Ставот (2) станува став (3).

**Пречистен текст на член 13:**

(1) Медијацијата започнува на денот кога страните во спорот во писмена форма се согласиле дека ќе учествуваат во медијација.

(2) Согласноста на волјата на страните за медијација дадена на записник пред суд се изедначува со писмената форма од ставот (1) на овој член.

(3) Ако страната што поканила друга страна на медијација не добие одговор за прифаќањето на поканата за медијација во рок од 30 дена од денот на испраќањето на поканата или во друг пократок рок кој е утврден со поканата, се смета дека предлогот за поведување на постапка за медијација не е прифатен.

Член 19

**Стар член 14:**

(1) Доколку страните во постапката за медијација се физички лица, нивното присуство во текот на постапката за медијација е задолжително.

(2) Во постапката за медијација страните може да имаат полномошник, а полномошникот може да биде само од редот на лицата предвидени во Закон за парнична постапка.

**Измени:**

Членот 14 став (1) се менува и гласи:

„(1) Сите дејствија во постапката за медијација странките можат да ги превземат лично или преку полномошник.„

Ставот (2) се брише.

**Пречистен текст на член 14:**

Сите дејствија во постапката за медијација странките можат да ги превземат лично или преку полномошник

Член 20

**Стар член 15:**

Прекин на застареност

(1) Со започнување на постапката за медијација, настапува прекин на застареност на барањето кое е предмет на спорот, и трае до завршувањето на постапката за медијација.

(2) Кога постапката за медијација ќе заврши без постигната спогодба, застареноста на барањето од став (1) на овој член ќе продолжи да тече од моментот на завршувањето на постапката за медијација во која не била постигната спогодба.

**Нов член и наслов на член 15:**

Насловот на членот 15 кој гласи „Прекин на застареност„ и членот 15 се менуваат и гласат:

„Застареност и преклузија

Член 15

(1) Со започнување на постапка за медијација не настанува прекин на течење на роковите за застареност на побарувањето.

(2) Поведувањето на постапка за медијација не влијае на течењето на преклузивните рокови за поведување постапка утврдена со друг закон.„

Член 21

**Стар член 16:**

(1) Страните спогодбено определуваат дали постапката за медијација ќе ја спроведува еден или повеќе медијатори и спогодбено ги именуваат лицата кои ќе бидат медијатори од Именикот на медијатори.

(2) Ако страните не можат да се спогодат за бројот или за лицата кои ќе бидат определени за медијатори, можат да побараат Комората на медијатори да препорача или да го определи бројот на медијатори или да определи медијатор во дадениот спор.

**Измени:**

Во членот 16 став (1) зборот „именуваат„ се заменува со зборот „избираат„, а зборот „Именикот„ се заменува со зборот „Листата„.

Ставот (2) се брише.

**Пречистен текст на член 16:**

Страните спогодбено определуваат дали постапката за медијација ќе ја спроведува еден или повеќе медијатори и спогодбено ги избираат лицата кои ќе бидат медијатори од Листата на медијатори.

Член 22

**Стар член 17:**

(1) Пред почетокот на постапката за медијација, медијаторот е должен да ги запознае страните со принципите, правилата и трошоците на постапката.

(2) Во спроведување на постапката за медијација, медијаторот ќе ги почитува принципите на медијацијата, земајќи ги предвид сите околности во предметот, интересите на страните и потребата за брзо и трајно решавање на спорот.

**Измени:**

Членот 17 став (1) се менува и гласи:

„(1) Пред почетокот на постапката за медијација, избраниот медијатор е должен да ги запознае страните со начелата, начинот на водење и трошоците на постапката.„

Во ставот (2) зборот „принципите„ се заменува со зборот „начелата„.

**Пречистен текст на член 17:**

(1) Пред почетокот на постапката за медијација, избраниот медијатор е должен да ги запознае страните со начелата, начинот на водење и трошоците на постапката.

(2) Во спроведување на постапката за медијација, медијаторот ќе ги почитува начелата на медијацијата, земајќи ги предвид сите околности во предметот, интересите на страните и потребата за брзо и трајно решавање на спорот.

Член 23

**Стар член 18:**

(1) Страните и медијаторот, доколку поинаку не се договориле, можат во кое било време во текот на постапката да изнесуваат свои предлози за спогодбата со која ќе го решат спорот.

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член, на секоја страна & се дава можност да се произнесе по предлозите.

**Измени:**

Во членот 18 став (1) по зборот „Страните„ зборовите „и медијаторот„ се бришат.

**Пречистен текст на член 18:**

(1) Страните доколку поинаку не се договориле, можат во кое било време во текот на постапката да изнесуваат свои предлози за спогодбата со која ќе го решат спорот.

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член, на секоја страна & се дава можност да се произнесе по предлозите.

Член 24

**Стар член 20:**

(1) Страните во постапката за медијација, медијаторот или било кое трето лице, вклучувајќи ги и оние кои се дел од администрацијата во постапката за медијација, не можат во арбитражна, судска или во која било друга постапка да сведочат, да се повикуваат, да предлагаат, или да изнесуваат како доказ:

1. покана од некоја страна за учество во постапка за медијација или факт дека некоја страна изразила волја да учествува во постапка за медијација;

2. изразено мислење или предлог даден од некоја страна во постапка за медијација во врска со можно решавање на спорот;

3. изјава или признание дадени од некоја страна во текот на постапка за медијација, освен ако изјавата или признанието не се составен дел на постигнатата спогодба;

4. предлог даден од медијаторот;

5. факт дека некоја страна во постапка за медијација покажала подготвеност за прифаќање на предлогот за мирење од медијаторот;

6. исправа изготвена исклучително за потребите на постапка за медијација.

(2) Одредбите од ставот (1) на овој член важат независно од формата на информацијата или на доказите.

(3) Арбитражен совет, суд или друго надлежно владино тело не може да наложи откривање на информациите од од ставот (1) на овој член. Доколку информација од ставот (1) на овој член се понуди како доказ спротивно на одредбите од ставот (1) од овој член, таквиот доказ ќе се смета за неприфатлив.

(4) Доказите од ставот (1) на овој член, можат да се откријат или дозволат до оној степен до кој тоа се налага со закон или заради извршување на спогодбата.

(5) Одредбите од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член важат независно дали арбитражната, судската или слична постапка се однесуваат на спор што бил предмет на медијација.

**Измени:**

Во членот 20 став (1) точки 4 и 5 се бришат. Точка 6 станува точка 4.

Во ставот (3) зборовите „Арбитражен совет, суд или надлежно владино тело„ се заменуваат со зборовите „Во судска, арбитражна или друга постапка која се води во ист или друг спор„ .

Ставот (4) се менува и гласи:

„(4) Доказите од ставот 1 на овој член не можат да се откријат или дозволат заради извршување на спогодбата или до оној степен до кој тоа се налага со закон.

Во ставот (5) зборовите „арбитражната, судската„ се заменуваат со зборовите „судската, арбитражната„.

**Пречистен текст на член 20:**

(1) Страните во постапката за медијација, медијаторот или било кое трето лице, вклучувајќи ги и оние кои се дел од администрацијата во постапката за медијација, не можат во арбитражна, судска или во која било друга постапка да сведочат, да се повикуваат, да предлагаат, или да изнесуваат како доказ:

1. покана од некоја страна за учество во постапка за медијација или факт дека некоја страна изразила волја да учествува во постапка за медијација;

2. изразено мислење или предлог даден од некоја страна во постапка за медијација во врска со можно решавање на спорот;

3. изјава или признание дадени од некоја страна во текот на постапка за медијација, освен ако изјавата или признанието не се составен дел на постигнатата спогодба;

4. исправа изготвена исклучително за потребите на постапка за медијација.

(2) Одредбите од ставот (1) на овој член важат независно од формата на информацијата или на доказите.

(3) Во судска, арбитражна или друга постапка која се води во ист или друг спор не може да наложи откривање на информациите од од ставот (1) на овој член. Доколку информација од ставот (1) на овој член се понуди како доказ спротивно на одредбите од ставот (1) од овој член, таквиот доказ ќе се смета за неприфатлив.

(4) Доказите од ставот 1 на овој член не можат да се откријат или дозволат заради извршување на спогодбата или до оној степен до кој тоа се налага со закон.

(5) Одредбите од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член важат независно дали судската, арбитражната или слична постапка се однесуваат на спор што бил предмет на медијација.

Член 25

**Стар член 21:**

Завршување на постапката за медијација

(1) Постапката за медијација завршува:

- со склучување на писмена спогодба за решавање на спорот меѓу страните, на денот на склучувањето на спогодбата;
- со писмена изјава на медијаторот, по извршени консултации со страните, дека не се оправдани натамошни обиди за медијација, на денот на поднесувањето на писмената изјава;
- со писмена изјава од страните до медијаторот дека постапката за медијација е завршена, на денот на поднесувањето на изјавата;
- со писмена изјава на било која од страните на постапката до другите страни и медијаторот, доколку истиот е именуван, дека постапката за медијација е завршена, на денот на поднесувањето на изјавата.

(2) Постапката за медијација која не се води по упатување на суд завршува во рок од 60 дена од денот на започнувањето на постапката, без оглед на нејзиниот исход, освен кога страните поинаку ќе се согласат со медијаторот.

**Нов член и наслов на член 21:**

Насловот и членот 21 се менуваат и гласат:

„Завршување и запирање на постапката за медијација

Член 21

(1) Медијацијата се завршува со склучување на спогодба за решавање на спорот меѓу страните.

(2) Постапката за медијација се запира кога медијаторот по претходно извршени консултации или една од страните писмено ќе изјават дека постапката за медијација е неуспешна.

(3) Постапката за медијација која се води пред поведувањето на судска или друга постапка завршува за 60 дена од денот на давањето на изјава за започнувањето на постапката, без оглед на нејзиниот исход, освен кога страните поинаку ќе се согласат со медијаторот.„

Член 26

**Стар член 22:**

(1) Спогодбата постигната во постапката за медијација во писмена форма ја изготвуваат страните во постапката, или по нивно барање ја изготвува медијаторот, а ја потпишуваат страните.

(2) Пред да ја потпишат спогодбата од став (1) на овој член, на страните им се остава разумен рок за прифаќање на спогодбата.

(3) Спогодбата од став (1) на овој член потпишана од страните ја заверува медијаторот со свој потпис.

(4) Спогодбата склучена во постапката за медијација има сила на извршна исправа доколку биде заверена кај нотар.

**Измени:**

Во член 22 ставот (3) се менува и гласи:

„(3) Потпишаната спогодба медијаторот ја внесува во Регистар за евиденција на постапките за медијација.„

Ставот (4) се менува и гласи:

„(4) Кога страните сакаат на спогодбата да и дадат сила на извршна исправа, содржината на спогодбата ја солемнизира нотар.

По ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Во рок од 15 дена по потпишувањето на спогодбата постигната како резултат на упатување на медијација при прекин на судска постапка, странките се должни да ја дадат на записник пред судија за да добие сила на судско порамнување.„

**Пречистен текст на член 22:**

(1) Спогодбата постигната во постапката за медијација во писмена форма ја изготвуваат страните во постапката, или по нивно барање ја изготвува медијаторот, а ја потпишуваат страните.

(2) Пред да ја потпишат спогодбата од став (1) на овој член, на страните им се остава разумен рок за прифаќање на спогодбата.

(3) Потпишаната спогодба медијаторот ја внесува во Регистар за евиденција на постапките за медијација

(4) Кога страните сакаат на спогодбата да и дадат сила на извршна исправа, содржината на спогодбата ја солемнизира нотар.

(5) Во рок од 15 дена по потпишувањето на спогодбата постигната како резултат на упатување на медијација при прекин на судска постапка, странките се должни да ја дадат на записник пред судија за да добие сила на судско порамнување.

Член 27

**Стар член 23:**

(1) За ништовност и рушливост на спогодбата ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи.

(2) За материјалната одговорност на медијаторот ќе се применуваат општи начела за основите на одговорноста за причинување на штета според одредбите на Законот за облигациони односи.

**Измени:**

Во членот 23 став (1) по зборот „За„ се додаваат зборовите „склучување и дејство, „.

Ставот (2) се брише.

**Пречистен текст на член 23:**

За склучување и дејство, ништовност и рушливост на спогодбата ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи.

Член 28

**Стар член 24:**

(1) Во случај кога од постапката за медијација произлегуваат трошоци за страните, тие треба да бидат разумни и соодветни на значењето и вредноста на предметот на спорот и на обемот на работа на медијаторот.

(2) Секоја страна ги сноси своите трошоци од постапката за медијација, освен ако страните не се спогодат поинаку.

(3) Наградата и надоместокот на трошоците на медијаторот ги покриваат страните на еднакви делови, освен ако страните не се договорат поинаку.

(4) Наградата и надоместокот на трошоците на медијаторот во постапката за медијација се определуваат со Тарифник.

(5) Тарифникот го донесува Комората на медијатори, по претходно прибавено позитивно мислење на министерот за правда. Тарифникот се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

(6) Постапката за медијација може да биде бесплатна за страните во случај кога страните и медијаторот ќе се договорат за тоа или кога тоа е уредено со закон или во случај на медијација што се спроведува во суд.

**Измени:**

Во членот 24 ставот (6) станува став (5) и зборовите „или во случај на медијација што се спроведува во суд„ се бришат.

**Пречистен текст на член 24:**

(1) Во случај кога од постапката за медијација произлегуваат трошоци за страните, тие треба да бидат разумни и соодветни на значењето и вредноста на предметот на спорот и на обемот на работа на медијаторот.

(2) Секоја страна ги сноси своите трошоци од постапката за медијација, освен ако страните не се спогодат поинаку.

(3) Наградата и надоместокот на трошоците на медијаторот ги покриваат страните на еднакви делови, освен ако страните не се договорат поинаку.

(4) Наградата и надоместокот на трошоците на медијаторот во постапката за медијација се определуваат со Тарифник.

(5) Постапката за медијација може да биде бесплатна за страните во случај кога страните и медијаторот ќе се договорат за тоа или кога тоа е уредено со закон.

Член 29

**Стар член 26:**

Страните немаат право до завршување на постапката за медијација да покренат арбитражна, судска или друга постапка за спорот што е предмет на медијација, освен кога се работи за времени мерки или мерки за обезбедување.

**Измени:**

Членот 26 се брише.

Член 30

**Стар член 27:**

Упатување на медијација од страна на суд

(1) Судот пред кој е поднесена тужбата може да ги упати странките спорот да го решат по пат на медијација.

(2) Судијата може, во согласност со странките во спорот, во било кој фаза на судската постапка, да ја прекине постапката и да ги упати странките на медијација.

**Нов наслов и член 27:**

Насловот и членот 27 „Упатување на медијација од страна на суд„ се менуваат и гласат:

„Информирање за можноста за медијацијата од страна на судот

Член 27

(1) Судот во текот на првостепената постапка ќе ги информира странките за можноста за решавање на спорот по пат на медијација.

(2) Кога страните ќе постигнат согласност за медијација, судот ја прекинува постапката согласно одредбите што ја регулираат постапката што се води.„

Член 31

**Стар член 29:**

(1) Највисок орган на Комората на медијатори е Собранието на Комората.

(2) Други органи на Комората се Претседателот, Управниот одбор и Надзорниот одбор на Комората.

**Нов член 29:**

Членот 29 се менува и гласи:

„(1) Органи на Комората се Собрание на Комората и Управниот одбор.

(2) Со Статутот на Комората можат да се предвидат и други органи на Комората.„

Член 32

**Стар член 30:**

(1) Собранието на Комората го сочинуваат сите медијатори.

(2) Собранието на Комората ги штити угледот и честа на медијаторите и се грижи тие да ја остваруваат својата функција согласно принципите утврдени со овој Закон и со Етичкиот кодекс на медијатори.

**Измени:**

Во членот 30 став (2) зборот „принципите„ се заменува со зборот „начелата„.

**Пречистен текст на член 30:**

(1) Собранието на Комората го сочинуваат сите медијатори.

(2) Собранието на Комората ги штити угледот и честа на медијаторите и се грижи тие да ја остваруваат својата функција согласно начелата утврдени со овој Закон и со Етичкиот кодекс на медијатори.

Член 33

**Стар член 31:**

(1) Собранието на Комората ги врши следните работи:

- го донесува Статутот на Комората;
- ја донесува Програмата за работа на Комората;
- врши упис и бришење во Именикот на медијаторите;
- го донесува Етичкиот кодекс;
- расправа за прашања непосредно поврзани со целите и задачите на здружувањето во Комората;
- усвојува извештај за работата на Комората;
- го избира претседателот на Комората;
- ги избира членовите на Управниот одбор;

- ги избира членовите на Надзорниот одбор.
- го донесува Деловникот за работа;
- се грижи и е одговорно за целесообразно користење на средствата со кои управува Комората, односно нејзините членови; и
- врши други работи утврдени со закон и Статутот.

(2) Со Статутот на Комората се утврдуваат начинот на работата на Комората, надлежностите на нејзините органи и други работи.

**Нов член 31:**

Членот 31 се менува и гласи:

„ Собранието на Комората ги врши следниве работи:

- го донесува Статутот на Комората и други акти,
- ја донесува Програмата за работа на Комората,
- врши упис и бришење во Листата на медијаторите,
- го донесува Етичкиот кодекс на медијаторите
- расправа за прашања непосредно поврзани со целите и задачите на здружувањето во Комората,
- усвојува годишен и периодичен извештај и финансиски план за работата на Комората,
- ги избира членовите на Управниот одбор,
- го донесува Деловникот за работа на Собранието,
- се грижи и е одговорно за целесообразно користење на средствата и имотот со кои управува Комората, односно нејзините членови,
- одлучува за висината на членарината, начинот на нејзиното плаќање и користење и
- избира ревизор за годишна сметка од редот на независни ревизорски друштва.„

Член 34

**Нов член 31-а:**

По членот 31 се додава нов член 31-а, кој гласи:

„Статут на Комората

Член 31-а

„Статутот на Комората содржи одредби за:

- името и седиште на Комората;
- печат и штембил;
- организација и надлежности на Комората;
- органи на Комората;
- средствата, фондовите и имотот на Комората;
- правата и обврските на медијаторот;
- дисциплинска одговорност на медијаторот;
- стручна служба и
- други одредби од значење за работење на Комората на медијатори.„

Член 35

**Стар член 32:**

(1) Управниот одбор на Комората е извршен орган на Собранието.

(2) Мандатот на членовите на Управниот одбор трае четири години со можност за повторен избор.

(3) Бројот на членовите на Управниот одбор и неговата надлежност поконкретно се уредуваат со статутот на Комората.

**Нов член 32**:

Членот 32 се менува и гласи:

„(1) Управниот одбор на Комората е извршен орган на Собранието.

(2) Претседателот на Управниот одбор ја претставува и застапува Комората.„

(3) Во негово отсуство, Комората може да ја застапува друг член на Управниот одбор, определен со одлука на Управниот одбор.

(4) Бројот на членовите н Управниот одбор и начинот на работа на Управниот одбор се уредуваат со Статутот на Комората и Деловникот за работа на Управниот одбор.

(5) Мандатот на членовите на Управниот одбор трае две години со можност за уште еден повторен избор.

(6) Управниот одбор:

- ги подготвува седниците на Собранието на Комората
- утврдува предлог на Статутот и предлог за изменување и дополнување на Статутот и другите акти на Комората
- ја спроведува политиката, заклучоците и одлуките донесени од Собранието на Комората
- формира Стручна служба и врши контрола и увид над нејзината работа
- се грижи за наплата на членарината
- управува и одговара за средствата и имотот на Комората
- составува предлог на годишна и периодична пресметка
- одлучува за други прашања кои со закон или со Статутот се ставени во негова надлежност.„

Член 36

**Стар член 33:**

Претседател на Комората

(1) Комората на медијатори ја претставува и застапува претседателот на Комората. Претседателот на Комората по функција е претседател на Управниот одбор на Комората.

(2) Во негово отсуство, по негово овластување или со одлука на Управниот одбор, Комората може да ја застапува и член на Управниот одбор.

(3) Претседателот на Комората ги потпишува одлуките на Собранието и на Управниот одбор.

(4) Претседателот на Комората го избира Собранието со мандат од четири години, со можност за повторен избор.

**Измени:**

Членот 33 се брише.

Член 37

**Стар член 34:**

Надзорен одбор

(1) Комората има Надзорен одбор.

(2) Собранието на Комората ги избира членовите на Надзорниот одбор.

(3) Бројот на членовите на Надзорниот одбор се уредуваат со Статутот на Комората.

**Нов член 34:**

Членот 34 се менува и гласи:

„Регистар за евиденција на постапките за медијација

Член 34

(1) Управниот одбор води Регистар за евиденција на постапките за медијација.

(2) Регистарот за евиденција на постапките за медијација содржи:

1. име, презиме и адреса односно назив и седиште на страните во спорот,
2. име и презиме на медијаторот,

3. вид на спорниот однос,
4. дата на започнување на постапката за медијација и
5. датум и начин на завршувањето или запирање на спорот.
(3) Регистерот се води согласно начелото на тајност и доверливост.„

Член 38

**Нов член 34-а:**

По членот 34 се додава нов член 34-а, кој гласи:

„Листа на медијатори

Член 34-а

(1) Медијаторите кои имаат сертификат за медијација и ги исполнуваат условите согласно член 10 и 11 од овој закон се запишуваат во Листата на медијатори.

(2) Се смета дека уписот во листата на медијатори е извршен на денот кога медијаторот кој ги исполнува условите предвидени со овој закон ќе ја достави пријава за упис во Комората, без оглед на времето кога уписот е вистински извршен.

(3) На медијаторот кој ќе му престане својството медијатор се брише од Листата на медијатори.„

Член 39

**Нов член 36-а:**

По членот 36 се додава нов член 36-а, кој гласи:

„36-а

Во рок од два месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон Комората на медијатори ќе го усогласи своето работење со одредбите на овој закон.„

Член 40

Се овластува Законодавно-правната Комисија да утврди пречистен текст на Законот за медијација.

Член 41

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија„ а ќе почне да се применува од 1 септември 2007 година.